**20151764831**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 136 став (8) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11,79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗГРАДИТЕ (*)

Член 1

Во Правилникот за енергетски карактеристики на зградите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/13 и 7/15) во членот 27 ставот (2) се менува и гласи:

„Сертификат за енергетски карактеристики на зграда се издава за:

1) Сите нови згради и градежни единици, како и зградите и градежните единици кои се предмет на значителна реконструкција, со исклучок на зградите и градежните единици од член 4 од овој правилник;

2) Згради и градежни единици кои се продаваат или издаваат под закуп, со исклучок на зградите и градежните единици од член 4 од овој правилник и

3) Згради или градежни единици што се во сопственост или се закупени од лица од јавниот сектор, како и згради и градежни единици од јавен карактер, со плоштина на корисната подна површина поголема од 250 m2.“

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) стануват ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10).

Член 2

Одредбите од член 27 став (2) точки 2) и 3) утврдени во член 1 од овој правилник ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

Одредбите од член 28 став (3) и член 30 став (2) од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/13 и 7/15) од денот на влегување во сила на овој правилник до денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија нема да се применуваат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-6001/1
5 октомври 2015 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири,** с.р.

(*)Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.